*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 09-4942/4*
*23.08.2022*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), градоначалникот на Општина Штип донесе

О Д Л У К А

За организирање на јавна анкета и јавна презентација на изготвен УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ со разработка на блок 4 (плански период 2022-2033)Предлог план , КО Три Чешми, Општина Штип

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ со разработка на блок 4 (плански период 2022-2033)Предлог план , КО Три Чешми, Општина Штип.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Јавната анкета ќе трае најмалку 30 работни дена

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систен на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можада да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска

документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов